Република Северна Македонија
Јавна детска градинка "ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ"
на општина Кисела Вода
Бр. 04-488/1
21.05.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 143 став 5 од Законот за заштита на деца (Сл.весник на Р.М. бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2015, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018, Сл.весник на РСМ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019), а во врска со согласноста од Министерство за финансии бр. 18-3879/2 од 10.05.2021година, Директорот на ЈДГ„Весели Цветови„-на општина Кисела Вода во град Скопје, на ден 21.05.2021година, распиша

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

**за унапредување на помошно технички лица за превоз на лица и опрема**

Се распишува интерен оглас за унапредување на помошно технички лица за превоз на лица и опрема на следното работно место:

- 1 (еден) возач, со завршено четиригодишно средно образование – гимназија.

Право на учество имаат сите вработени од градинката кои ги исполнуваат општите и посебните услови предвидени согласно актот за систематизација на работните места во ЈДГ„Весели Цветови„-на општина Кисела Вода во Град Скопје.

Кандидатите потребно е да ги достават следните документи: свидетелство за завршено соодветно образование, оригинал или копија заверена на нотар, државјанство, лекарско уверение, уверение дека го познава македонскиот јазик и кирилското писмо, потврда дека не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност и потврда дека не е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавање, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување и положен возачки испит Б категорија.

Рокот за доставување на документите е 3 работни дена, сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас на огласната табла и веб страната на Установата.

Работно време е 40 часа неделно (понеделник-петок) , а дневното работно време е 8 часа од 08:30 до 16:30 часот.

Основната нето плата на возачот изнесува 16.081,00ден.

Ненавремена, некомплетна и неуредна документација нема да биде разгледувана.

Пријавата со потребните документи да се достави до:

ЈДГ„Весели Цветови„-на ОКВ во Град Скопје

Ул:„Ѓорѓи Сугаре„ бр.2

1000 Скопје

Директор

Станка Баџакова